ХЕРАКЛЕЈСКИ ВЕЧЕРИ '95

З.М.Г. - БИТОЛА

МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ПРОЕКТ

# ГОВОРОТ НА ТИШИНАТА

## ЗДРАВКО КРУЉ

08.08.1995

ИЗЛОЖБЕН САЛОН

МУЗЕЈ - БИТОЛА



„САКАМ ДА СЛУШНАМ
КАКО ЕДНА ДЛАНКА
ПЛЕСКА“

ХАКУИН

Ликовниот свет на Здравко Круљ открива ситни, незабележителни елементи од светот кој го опкружува. Тие елементи од маргините на реалниот свет ги мистифицира давајќи му необична содржинска конотација, архаичност која граничи со современост. Архаичноста за него е форма од која извира јазикот на комуникација. Продирањето во неа би значело потполно спознавање на материјата во целокупната реалност. Сликаната материјализација на платното, каменот, дрвото или металот претставува само мал сегмент од целта на авторот да навлезе во платното, во идејата и да постигни рамнотежа меѓу неговата духовна состојба и физичка егзистенција. За таа цел користи вертикала (ортома, конец) како доминација на симболот на поврзување на двата света. Тоа би можело да се прифати како психичко растоварување, отсликување на самиот себе, определување или надвишување.

Во сликарството на Круљ доста значаен елемент претставува сликаната површина која авторот ја создава со вметнување на несликарски материјали со што ја доближува сликата до енформелното сликарство. Површините се решени во хоризонтални слоеви одвоени со светлосни ефекти кои не го осветлуваат мотивот доволно, не го обликуваат, не го обојуваат и не можат да се објаснат само со метафизички аргументи. Тоа е осветлување без материјална функција, психолошки тип светло на состојбата како несвесна цел на енергијата што ја создава сликата. Тој ирационален момент Круљ го поедноставува со вертикалниот засек на површините во што ја внесува нужноста од потсвесната состојба на концентрацијата.

Во поновите експонати Круљ го развива енформелното сликарство и го доближува до концептуализмот, до обликување на идејата и извлекување на сликата од вообичаените сликарски рамки.

Лилјана Христова



**„САКАМ ДА СЛУШНАМ КАКО ЕДНА ДЛАНКА ПЛЕСКА“**

**ХАКУИН**

## ИЗЛОЖЕНИ ТВОРБИ:

Во маслена техника

1. Близнаци
2. $И_2$
3. Така би те прегрнал!
4. Кој? Како?
5. Допри ме
6. Допрено
7. Во прегратка
8. Тоа е...
9. Судбината на еден...
10. Кон него
11. Ех, да...
12. Застани пред...
13. Човечки лушпи
14. И после сè...
15. Прочитај ми ги годините
16. !
17. Каде да го најдеш
18. Меѓу мене и тебе
19. Воскреснато од...
20. Црвен патоказ
21. Допри ми ги годините
22. Тука тој помина
23. Немој никогаш...

## ВИДЕОПРОЕКТ:

(ВХС - снимка)

1. ГОВОРОТ НА ТИШИНАТА
   Автори: Здравко Круљ
   Благојче Марков

**КРАТКОМЕТРАЖЕН ДОК. ФИЛМ:**

(ВХС)

1. „САМО НИЕ ОСТАНАВМЕ"
   Автори: Здравко Круљ
   Благојче Марков

2. „ДОМ"
   Автори: Здравко Круљ
   Благојче Марков

3. „ЗА КОГО БИЈАТ КАМБАНИТЕ"
   Автори: Здравко Круљ
   Милчо Веловски
   Благојче Марков

ОРГАНИЗАТОРИ:

Звонко Вуковиќ
Елизабета Круљ



ЗДРАВКО КРУЉ - Роден на 16.09. 1964 год. во Подгорица - Црна Гора, СР Југославија. Студирал на Вишата педагошка школа во Никшиќ ликовна насока и Факултет за ликовна уметност во Цетиње каде дипломирал во 1993 год. во класата на проф. Ратко Лалиќ. Самостојно излагал во Подгорица (два пати) и учествувал на повеќе колективни изложби.

Адреса:
Здравко Круљ
ул. „В.Карангелески - Ремо" 6/2/17
Битола тел. (097) 45-357